# Изготвена студија за регулаторна рамка за медиуми и онлајн медиуми

**Скопје, 08.08.2018** – За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со експертска помош на Советот на Европа е изготвена студијата „Регулаторна рамка за медиуми и онлајн медиуми – македонскиот случај“. Во неа се прави компаративна анализа на законодавствата на земјите-членки на Европската Унија во однос на онлајн медиумите, нивното дефинирање, регулирање и се даваат препораки за можни измени и дополнувања на правната рамка.

Анализата покажува дека во земјите-членки на ЕУ, материјалниот опсег на регулаторната рамка за медиуми е ограничен на аудиовизуелни медиумски услуги, како што е дефинирано со Директивата на АВМУ, поради што не ги опфаќа онлајн медиумите кои главно не се аудиовизуелни. Сепак, во неколку земји, како што се наведува во студијата, може да се најдат дефиниции за онлајн медиуми (или електронски медиуми или слични концепти), или во Законот за аудиовизуелни услуги или, почесто, во конкретни закони за медиуми.

„Овие дефиниции понекогаш се придружени од минимални административни обврски, како што е запишувањето во јавен регистар, но тоа во никој случај не значи дека постои некаква форма на регулирање на содржините слично на она кое им се налага на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги“, се наведува во студијата.

Студијата е достапна на македонски и англиски јазик, а наскоро ќе биде преведена и на албански.